ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
KOMUNA DOLLNEN
Долнени Dollnen Бр./Nr. 04-1044/1
04.08.2025 год./vit.

Република Македонија
ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
Локална самоуправа

Republika e Maqedonisë
KOMUNA DOLLNEN
Vetqeverisje Lokale

---

Врз основа на член 45 став (1) и став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016,11/2018 и („Службен весник на Р.С.М. број 275/2019,14/2020,215/2021,99/2022 и 208/2024), член 20-д од Законот за вработените во јавен сектор („Сл. Весник на Р.М. број 27/2014, 199/2014, 27/2016,35/2018 и 198/2018) и „(Сл. Весник на Р.С.М. број 143/2019,14/2020) и 208/2024 Градоначалникот на општина Долнени донесува:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас

1. Во врска со јавен оглас бр. 607/2025 за вработување на административен службеник во општина Долнени, објавен на 25.06.2025 година, на веб страната на Агенцијата за администрација како и во дневните весници: Нова Македонија, Вечер и Коха за работното место УПР 01 01 В04 00, Помлад соработник – Помлад соработник за евидентирање на даноци и такси во Одделението за даноци, такси, надоместоци и други приходи на општината СЕ ИЗБИРА кандидатот со идентификациски код OE1FEF1- Мирјета Алиоска.
2.Именованата од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработена на работно место – УПР 01 01 В04 000 Помлад соработник- Помлад соработник за евидентирање на даноци и такси во Одделението за даноци, такси, надоместоци и други приходи на општината, по конечност на оваа одлука.
3.Одлуката се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата на Агенцијата за администрација.

## *О б р а з л о ж е н и е*

На ден 25.06.2025 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници :Нова Македонија, Вечер и Коха беше објавен јавен оглас број 607/2025 за вработување на административен службеник во Општина Долнени, шифра: УПР 01 01 В04 000, звање: Помлад соработник, назив на работно место: Помлад соработник за евидентирање на даноци и такси во Одделението за даноци, такси, надоместоци и други приходи на општината.
Со Решение број 10-1542/3 од 03.07.2025 година, Решение за изменување и дополнување на Решението бр.10-1542/6 од 18.07.2025 година и бр. 10-1542/7 од 30.07.2025 година, на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, која ја спроведе постапката за вработување.

Горенаведената Комисија спроведе постапка за административна селекција на административен службеник и состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 10-1542/4 од 15.07.2025 година, на ден 30.07.2025 година спроведе испит за административен службеник за пријавените кандидати и состави Записник од спроведениот испит за административен службеник број 10-1542/8 од 30.07.2025 година и на ден 01.08.2025 година спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и состави Записник број 10-1542/9 од 01.08.2025 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата за селекција за вработување на кандидати по јавен оглас формирана од страна на Агенцијата за администрација, до Општина Долнени беше доставена Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати, број 10-1542/10 од 01.08.2025 година.

Врз основа на горе наведеното, Градоначалникот на општина Долнени изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од нејзино објавување на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

Изработи
Ајет Асаноски _________

ОПШТИНА ДОЛНЕНИ
Градоначалник

Урим Исески